# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација на високото образование
Бр. 1409-263/12
02. 03. 2018 год.
СКОПЈЕ

Универзитет „Св. Кирил и Методиј"
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ

| Примено | 02 -03- 2018 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност |
| 08 | 669/1 | | |

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 154/15, 30/2016, 127/16), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, на својата 2 седница одржана на 18.01.2018 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студискита програма Старогрчки јазик и античка книжевност (студии по македонски јазик или студии по француски јазик и книжевност) прв циклус студии на Филозофски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**

1. Се акредитира студиската програма **Старогрчки јазик и античка книжевност (студии по македонски јазик или студии по француски јазик и книжевност) прв циклус студии на Филозофски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од 4 години (осум семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС и со звање:
**- Дипломиран класичен филолог по македонски јазик или Дипломиран класичен филолог - франсист со студии по француски јазик и книжевност**
Научно - истражувачко подрачје: Хуманистички науки
Научно – истражувачко поле: Наука за јазик и Наука за книжевност
Научно – истражувачко област:64007, 61222, 61223, 61221, 64000, 64006, 64010, 64012, 64014, 64022, 64028.

4. Акредитацијата на студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од **пет** (I и II циклус) учебни години, почнувајќи од учебната 2018/2019......

02.03.2018
Стонев

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА
НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Врз основа на донесената одлука на Наставно-научниот совет на Филозофски факултет, прв циклус студиските програми „Старогрчки јазик и античка книжевност (студии по македонски јазик или студии по француски јазик и книжевност)", на 26.09.2017 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ, на 2 седница, одржана на 19.10.2017 година формира стручна комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на позитивната оценка содржана и извештајот на стручната комисија, на својата 2 седница одржана на 18.01.2018 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Академик Владо Камбовски

0801
чување:
02-03 2018 год.